РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 1250
29.12.2025 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр. 05/02“ и „Сл.весник на РСМ број 202/2024“), член 15 став 1 точка 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на Општина Виница на 4-та седницата одржана на ден 29.12.2025 година, година донесе:

П Р О Г Р А М А
ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
ВО ОПШТИНА ВИНИЦА ЗА 2026 ГОДИНА

Програмата ги содржи планираните и веќе започнатите активности во областа од урбанизамот од 2025 година и наредната 2026 година како детални урбанистички планови, урбанистички планови за села, урбанистички планови вон населени места и урбанистички проекти.

Со програмата се утврдуваат:

1. Активности од областа на урбанистичкото планирање во Општината

2. Локалитети и објекти за уредување во 2026 година

3. Извори на средства за финансирање на активностите

Програмата ја дефинира изработката на урбанистички планови и урбанистички проекти (ДУП, УПС, УПВНМ, УПВОУП) кои се во тек на изработка и се планирани да бидат изработени за 2026 година.

1. Активности од областа на урбанистичкото планирање во Општината

1.ВОВЕД

Годишната програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Виница за 2025 година претставува основа за изработка и донесување на урбанистички планови (Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село и Урбанистички план за вон населено место, Урбанистички проекти) согласно чл. 40 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 32/20,111/23,171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 год).Таа претставува и основа за уредување и опремување на градежното земјиште и е дел од потребната документација за добивање на Согласност на изработените урбанистички планови од Министерството за транспорт и врски.

2. Планирани активности

I - Детални урбанистички планови во градот Виница:

- Блок 11,

Останати урбани подрачја од:

- Блок 7 дел 1, , Блок 9 дел 4, Блок 15 дел 5 и 6, Блок 16 дел 1 и 4, Блок 17 дел 2, 3, и 4, Блок 9 дел 1, Блок 16 дел 1 ,Блок 1, Блок 5, Блок 10, Блок 13, Блок 14, Блок 19, Блок 20,

Во тек на изработка се Детални урбанистички планови од Програмата за 2025 година:

- Блок 7 дел 2 , Блок 18 дел 1,2, и 5, Изменување и дополнување на дел од ДУП за БЛОК 4 - Виница, плански опфат помеѓу: граница на плански опфат на ГУП, дел од ул.2003, дел од ул. 2002 , дел од ул. 103 и дел од ул.101 - Виница

II - Урбанистички планови за село

Урбанистички план за село Липец, село Пеклани, село Крушево, село Драгобраште, село Црн Камен и село Грлани

Во тек на изработка се Урбанистички планови за село од Програмата за 2025година:
Урбанистички план за с.Градец;
Урбанистички план за с. Лески;
Урбанистички план за с.Истибања;
Урбанистички план за с.Блатец;
Урбанистички план за с.Лаки;
Урбанистички план за с.Трсино;

III - Урбанистички планови вон населено место , урбанистички проекти за вон опфат на урбанистички план и др.видови на УП:

-УПВНМ за стопански комплекс - Фабрика со придружни објекти и бушотина за вода, со класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, во м.в. Скараница на КП бр. 2572/2 КО Блатец, (1.7 ха);
-УПВНМ за стопански комплекс - Фабрика со придружни објекти со класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, во м.в. Габер на КП бр. 6640 КО Блатец, (2.8 ха).
- УПВНМ за фотоволтаични системи во с.Виничка кршла;
- УПВНМ за Туристичка викенд зона локалитет м.в.,,Маринково,,
- Урбанистички проект по член 58 став 2 со намена А3- згради за социјална заштита по ГУП на КП 9509
- Урбанистички проект по член 58 став 2 со намена В1- Образование и наука по ГУП на КП 9497
- Урбанистички проект за инфраструктура – кружен тек на магистралната улица ,,Браќа Миладиновци'' –Општина Виница, КО Виница.
-Урбанистички проект со план за парцелација по член на ГП 2.79, ДУП Блок 2 дел 2 и 3 КО Винница.

Во постапка од Програмата за 2025 година се останати:

- Урбанистички планови вон населено место

- УПВНМ за рибарник со објекти со намена Б1-мали комерцијални и деловни намени, Д3-спорт и рекреација, А4-времено сместување во м.в Горна Осојница КП бр. 5121/1 и дел од 6757 КО Блатец
- УПВНМ за комунална супраструктура - Полигон за обука на возачи м.в. Скараница КП бр. 343, 344, 345 и 347;
- УПВНМ за стопански комплекс со класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија за производство на градежни материјали м.в. Панек КП бр.7794/1 и дел од КП бр. 8018 КО Виница;

- УПВНМ за Г2 - лесна и незагадувачка индустрија - Винарија со придружни содржини м.в. Долно Поле, КП бр. 2466, 2467;
- УПВНМ за стопански комплекс Г2 - лесна и незагадувачка индустрија м.в. Скараница, Јаребинац и Севровица, КО Блатец;
-Урбанистички план вон населено место за повеќенаменски комплекс во м.в Скараница,КО Блатец, Општина Виница

Урбанистички проекти од програмата за 2025 година:

- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП 1 со намена Б5.1 – хотелски комплекс на КП 2412/1, КП 2412/4, КП 2417/2 и дел од КП 2413/1 КО Истибања, Општина Виница
- УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ГП 1.5 И ГП 1,8 , СО НАМЕНА,А1- ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за г.Виница , за Блок 11 , дел 1 (Одлука бр.07-423 16.06.2011 година) ОПШТИНА ВИНИЦА
- УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 1.14 И ГП 1.15 ОД ДУП ЗА БЛОК 11, -ДЕЛ 1,СО НАМЕНА А1 СЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЕДНА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА НА КП 8595/1 И КП 8595/2,КО ВИНИЦА ОПШТИНА ВИНИЦА
- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1-Лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи, на КП 2546, КП 2547, КП 2543/1, КП 2544/1 и КП 2545/1, КО Истибања, општина Виница
- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 7438/1 И КП 7438/2, КО Блатец, Општина Виница

Завршени урбанистички планови и урбанистички проекти во 2025 година

- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6 за изградба на таложница за предтретман на отпадни води на фекална канализација за с.Липец, КО Липец
- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6 за изградба на Прочисителна станица за отпадни води за с. Блатец, КО Блатец
- Детален урбанистички план за Блок 3
- Детален урбанистички план за Блок 15 дел 3
- ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за БЛОК 8, дел 1 и 2 плански опфат помеѓу: ул. Илинденска, ул. Браќа Миладиновци, ул. Димитар Влахов, дел од новопланирана ул. 2005, ул. Кочо Рацин, ул. Пролетерска, дел од ул. Плачковички одред и дел од новопланирана ул. 2005,ОПШТИНА ВИНИЦА
- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 - Лесна фармацевтска индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други, на КП 3553, КО Виница, Општина Виница

3. Финансирање

За финансирање на урбанистичките планови од програмата средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Виница ,од Буџетот на РСМ и по пат на самофинансирање од страна на заинтересираните физички и правни лица.

4. Завршни одредби

Во текот на годината во зависност од потребите, Програмата може да се измени и дополни.

Врз основа на оваа годишна програма за изработка на урбанистички планови, Општината како нарачател на планот склучува договор за изработка на соодветен план со правни лица кои имаат лиценца за изработка на урбанистички планови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инж. Гоце Василев